


КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО 20

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

## ЈУЛИ 2025

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ФИНАНСИСКИ ДВИЖЕЊА

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Во јули 2025 година, глобалните берзи забележаа раст, поттикнат од намалени трговски тензии и добри финансиски резултати, особено од големите технолошки компании. Намалената неизвесност поради попуштањето на трговската политика на САД придонесе за зголемена доверба кај инвеститорите. Глобалниот индекс MSCI ACWI порасна за 1,28% во изминатиот месец, а исто така, продолжи и растот на останатите прикажани регионални индекси. Со најголем раст од 2,17% во текот на јули се издвојува американскиот индекс S&P 500. По него следат акциите од брзорастечките економии и земји во развој прикажани преку MSCI Emerging Market индексот со пораст од 1,67%. Овој индекс бележи и најголем принос следено од почетокот на годината со високи 15,60%. Понизок принос во оваа споредба во последните седум месеци имаат индексите S&P 500 и STOXX 600 Europe од 7,78 и 7,58%, соодветно.




MSCI Asia – Pacific – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија – Пацифик
MSCI Emerging Market – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој
STOXX 600 – Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 – Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI – Светски индекс на акции кој ги следи цените на акциите во 47 држави

*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ



Македонскиот берзански индекс МБИ 10 оствари пад во текот на изминатиот месец од 1,05%, но задржувајќи го позитивниот принос од почетокот на годината на 2,48%. Од компаниите кои се дел од структурата на индексот, пораст остварија само акциите на НЛБ Банка со 1,76% и Стопанска банка АД Скопје со 0,98%. Останатите го завршија месецот на пониско ниво или непроменето. Најголем пад од 2,95% забележа Макпетрол, кој сепак, од почетокот на годината има најголем раст помеѓу компаниите од МБИ 10 индексот, изнесувајќи 23,94%.




*Извор: Блумберг*

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Приносите на обврзниците во развиените земји забележаа мал пораст, главно поради фискални фактори, но останаа стабилни. Трговските и геополитичките предизвици од претходниот период придонесоа за зголемена побарувачка по обврзници како безбедна класа на инструменти. Како резултат, пазарот на обврзници останува претпазливо оптимистички. На крајот од месецот, највисок принос од анализираните обврзници има британската обврзница кој изнесува 4,57%, додека најмала стапка на принос има швајцарската обврзница, кој изнесува 0,36%.



**Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници**

*** Приносот се однесува на еврообврзница со датум на доспевање 03.10.2028.**




*Извор: Блумберг*

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**

www.kbprvo.com.mk

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ



Во јули, движењата на девизниот пазар беа обележани со мал раст на поголем дел од светските валути во однос на еврото, при што американскиот долар зајакна за 3,25%, а кинескиот јуан за 2,51%. Наспроти тоа, во текот на годината повеќето валути забележаа значително намалување, што укажува на променлива динамика предизвикана од финансиски и геополитички фактори. Исклучок се руската рубља која за истиот период се издвојува со огромен раст од 28,24% во однос на еврото и швајцарскиот франк со пораст од 1,33%.

## Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)




*Извор: Блумберг*

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk

Лектор: Каролина Накова

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk